Уп. бр.08-43

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ИНТЕРЕНЕРГО МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со регистрирано седиште на улица Максим Горки бр. 13, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, преку овластеното лице Методија Велков, Адвокат во Адвокатско друштво Поленак, на седницата одржана на ден 24.03.2023 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која ИНТЕРЕНЕРГО МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со регистрирано седиште на улица Максим Горки бр. 13, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, стекнува единствена контрола над БППВ ЕНЕРЏИ ДОО увоз-извоз Скопје, со регистрирано седиште на ул. Гане Тодоровски бр.24/лок.3-мезанин Центар, Скопје, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 27.02.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на ИНТЕРЕНЕРГО МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со регистрирано седиште на улица Максим Горки бр. 13, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, стекнува единствена контрола над БППВ ЕНЕРЏИ ДОО увоз-извоз Скопје, со регистрирано седиште на ул. Гане Тодоровски бр.24/лок.3-мезанин Центар, Скопје, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополните и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ИНТЕРЕНЕРГО МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје** е дел од Келаг Групата која работи во сегментите на енергија, мрежи и топлинска енергија.

ИНТЕРЕНЕРГО МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје е друштво чија регистрираната дејност е трговија на електрична енергија и истото има лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија издадена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

Покрај ИНТЕРЕНЕРГО МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, Келаг Групата има уште едно зависно друштво во Република Северна Македонија:

– Друштво за производство на електрична енергија ПАРК НА ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ ПЕРУН ДОО Скопје, со седиште на ул. Максим Горки бр.13, Центар, Скопје, Република Северна Македонија (во натамошниот текст: „ПВЕ Перун“). Регистрираната дејност на ПВЕ Перун е 35.11-Производство на електрична енергија. ПВЕ Перун сѐ уште е во процес на изградба на објектите за производство на енергија и добивање на соодветна енергетска лиценца за вршење на енергетската дејност – производство на електрична енергија и затоа сѐ уште не нема започнато со вршење на своите деловни активности.

**БППВ Енерџи ДОО увоз-извоз Скопје** е друштво чија регистрираната дејност е производство на електрична енергија. Друштвото е во процес на изградба на објекти за производство на енергија и добивање на соодветна енергетска лиценца за вршење на енергетската дејност – производство на електрична енергија и сѐ уште нема започнато со вршење на своите деловни активности.

БППВ Енерџи ДОО увоз-извоз Скопје нема зависни или поврзани друштва регистрирани во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за урдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи

нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**